Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Рудници БАЊАНИ АД Скопје заклучно со 31 декември 2011 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, 17 април 2012 година

Овластен ревизор

Борислав Атанасовски

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Љупчо Пецев

Рудници БАЊАНИ АД Скопје

БИЛАНС НА УСПЕХ
за годината што заврши на 31 декември 2011 година

во илјади денари	Белешки	2011	2010
Приходи од продажба	5	105.728	98.409
Останати оперативни приходи	6	2.610	3.446
Вкупно оперативни приходи		**108.338**	**101.855**
Промена на вредноста на залихите на готовите производи и производството во тек	7	-855	-6.635
Потрошени материјали и ситен инвентар	8	-19.847	-17.679
Трошоци за вработените	9	-43.938	-44.434
Амортизација	13	-3.700	-3.682
Набавна вредност на продадени стоки		-8.547	-3.828
Останати оперативни расходи	10	-28.094	-22.224
Вкупно оперативни расходи		**-104.126**	**-91.847**
Добивка од оперативно работење		**3.357**	**3.373**
Финансиски трошоци/приходи	11	510	331
Добивка пред оданочување		**3.867**	**3.704**
Данок на добивка		-58	-72
Добивка по оданочување		**3.809**	**3.632**
Основна заработувачка по акција во денари	12	**59,63**	**56,61**

Одбор на директори

Прв генерален директор

Белешките содржани од страна 10 до 24 се составен дел на овие финансиски извештаи

Рудници БАЊАНИ АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
за годината завршена на 31 декември 2011 година

во илјади денари	Белешки	2011	2010
Добивка по оданочување		3.809	3.632
Друга сеопфатна добивка			
Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба		-	-
Ревалоризација на недвижности, постројки и опрема		-	-
Вкупно друга сеопфатна добивка		-	-
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА		3.809	3.632

Белешките содржани од страна 10 до 24 се составен дел на овие финансиски извештаи

Рудници БАЊАНИ АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на 31.12. 2011 година

во илјади денари	Белешки	2011	2010
СРЕДСТВА			
Материјални средства	13	125.321	123.415
Нематеријални средства	13	341	390
Долгорочни вложувања		-	-
Вкупно долгорочни средства		**125.662**	**123.805**
Залихи	14	52.077	54.796
Побарувања од купувачи	15	37.637	35.018
Останати краткорочни побарувања	16	136	197
Краткорочни финансиски вложувања	17	11.206	-
Активни временски разграничувања		-	-
Парични средства	18	4.816	17.270
Вкупно тековни средства		**105.872**	**107.281**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**231.534**	**231.086**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Акционерски капитал		101.528	101.528
Сопствени акции		-1.163	-1.031
Законски и други резерви		102.950	102.950
Ревалоризациони резерви		-	-
Нераспределена добивка		19.949	18.377
Вкупно капитал и резерви		**223.264**	**221.824**
Долгорочни кредити		-	-
Обврски спрема добавувачи	19	7.035	6.725
Останати краткорочни обврски	20	1.054	2.356
Обврски за аванси, депозити, кауции		181	181
Краткорочни финансиски обврски		-	-
Пасивни временски разграничувања		-	-
Вкупно тековни обврски		**8.270**	**9.262**
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		**231.534**	**231.086**

Одбор на директори

Прв генерален директор

Белешките содржани од страна 10 до 24 се составен дел на овие финансиски извештаи

Рудници БАЊАНИ АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
за годината што завршува на 31 декември 2011 година

2011 година

во илјади денари	Акциовер. капитал	Сопствени акции	Законски и посебни резерви	Ревалор. резерви	Нераспред. добивка	Останат капитал	Вкупно капитал
Состојба 01.01.2011	**101.528**	**-1.031**	**102.950**	**-**	**18.377**	**-**	**221.824**
Сеопфатна добивка							
Добивка од 2011 година	-	-	-	-	3.809	-	**3.809**
Друга сеопфатна добивка	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**-**	**3.809**	**-**	**3.809**
Трансакции со сопствениците							
Нова емисија на акции	-	-	-	-	-	-	-
Откупени сопствени акции	-	-132	-	-	-	-	**-132**
Распределено за дивиденда	-	-	-	-	-2.237	-	-2.237
Издвоено за законски резерви	-	-	-	-	-	-	-
Состојба 31.12.2011	**101.528**	**-1.163**	**102.950**	**0**	**19.949**	**0**	**223.264**

2010 година

во илјади денари	Акциовер. капитал	Сопствени акции	Законски и посебни резерви	Ревалор. резерви	Нераспред. добивка	Останат капитал	Вкупно капитал
Состојба 01.01.2010	**101.528**	**-813**	**102.950**	**-**	**16.989**	**-**	**220.654**
Сеопфатна добивка							
Добивка од 2010 година	-	-	-	-	3.632	-	**3.632**
Друга сеопфатна добивка	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**-**	**3.632**	**-**	**3.632**
Трансакции со сопствениците							
Нова емисија на акции	-	-	-	-	-	-	-
Откупени сопствени акции	-	-218	-	-	-	-	**-218**
Распределено за дивиденда	-	-	-	-	-2.244	-	-2.244
Издвоено за законски резерви	-	-	-	-	-	-	-
Состојба 31.12.2010	**101.528**	**-1.031**	**102.950**	**0**	**18.377**	**0**	**221.824**

Белешките содржани од страна 10 до 24 се составен дел на овие финансиски извештаи

Рудници БАЊАНИ АД Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
за годината што заврши на 31 декември 2011 година

во илјади денари	2011	2010
А. Парични текови од деловни активности		
Нето добивка	3.809	3.632
Амортизација	3.700	3.682
Приходи од продажба / неотпишана вредност на основни средства	-139	-62
Залихи	2.719	6.047
Побарувања од купувачи	-2.619	-7.701
Останати краткорочни побарувања	61	-36
Побарувања за аванси, депозити и кауции	-	-
Активни временски разграничувања	-	-
Обврски спрема добавувачи	310	1.247
Останати краткорочни обврски (без обврски за неисплатени дивиденда)	-1.353	903
Обврски за аванси	-	-3.363
Пасивни временски разграничувања	-	-
Нето парични приливи од деловни активности	**6.488**	**4.349**
Б. Парични текови од инвестициони активности		
Набавки на основни средства	-5.512	-2.789
Набавки на нематеријални средства	-46	-220
Приливи од продадени материјални средства	140	3.364
Одлив од краткорочни финансиски вложувања	-11.206	-
Нето парични одливи / приливи од инвестициони активности	**-16.624**	**355**
В. Парични текови од финансиски активности		
Промени на кредитите	-	-
Прилив од нова емисија на акции	-	-
Откупени сопствени акции	-132	-218
Исплатена дивиденда на акционерите	-2.186	-3.315
Нето парични одливи од финансиски активности	**-2.318**	**-3.533**
НАМАЛУВАЊЕ / ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА	**-12.454**	**1.171**
Парични средства на почетокот на годината	**17.270**	**16.099**
Парични средства на крајот на годината	**4.816**	**17.270**

Белешките содржани од страна 10 до 24 се составен дел на овие финансиски извештаи

Рудници БАЊАНИ АД Скопје

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

1. ОПШТО

1.1. Рудници БАЊАНИ акционерско друштво с. Кучевиште Скопје основано е и работи во Република Македонија.

Приоритена дејност што ја обавуваат Рудници БАЊАНИ АД Скопје е вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци.

Друштвото е регистрирано и за вршење на надворешно-трговски промет.

1.2. Акционерската главнина на Рудници БАЊАНИ АД Скопје се состои од 65.502 обични акции со вкупна номинална вредност од 1.637.550 евра. Номиналната вредност на една акција изнесува 25 евра.

На 31.12.2011 година Рудници БАЊАНИ АД Скопје има откупено 1.757 сопствени акции што претставува 2,682% од основната главнина на Друштвото. На 31.12.2010 година Рудници БАЊАНИ АД Скопје имаше откупено 1.541 сопствени акции што претставува 2,353% од основната главнина на Друштвото.

Во рамките на акционерската главнина на Рудници БАЊАНИ АД Скопје нема приоритетни акции.

Акционери со учество поголемо од 5% во издадените акции на Рудници БАЊАНИ АД Скопје на 31.12. 2011 година се: Божо Рајчиќ 25,01%, Аница Пецевска-Рајчиќ 25,00% и Миле Стефанов 7,02%.

1.3. На ден 31.12.2011 година бројот на вработените во Рудници БАЊАНИ АД Скопје изнесуваше 122 лица, а на 31.12.2010 година во Рудници БАЊАНИ АД Скопје беа вработени 129 лица.

1.4 Седиштето на Друштвото е во с. Кучевиште, Скопје.

2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1. Прописи

Финансиските извештаи на Рудници БАЊАНИ АД Скопје се изготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Меѓународните стандарди за финансиско известување што се применуваат во Република Македонија се објавени во Правилникот за водење на сметководство во Службен весник на Република Македонија број 159 од 29 декември 2009 година, а применливи се од 01 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено. Таму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршеното прикажување во тековната година.

2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на методот на набавна вредност.

2.3. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето. Тоа значи дека Друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина.

2.4. Користење на сметководствени проценки и расудувања

При подготвувањето на финансиските извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

Сметководствени проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на материјалните и нематеријалните средства, објективната вредност на побарувањата, односно нивната наплатливост и други ставки.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во околностите што биле основа за проценката, како резултат на нови информации или последователни случувања.

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи се прикажани во понатамошниот текст.

3.1. Политика на евидентирање на приходите

Друштвото евидентира приходи од продажба на производи, стоки и услуги во моментот на нивната испорака на своите клиенти. Приходите се евидентираат со примана на принципот на фактичност на настаните, односно во моментот на нивното настанување.

3.2. Приходи од камати

Каматите настанати по основ на побарувања од деловни односи и пласмани се искажуваат како приходи од камати во рамките на финансиските приходи. Приходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

3.3. Расходи за камати

Каматите настанати по основ на финансиски обврски, како и по основ на обврски од деловни односи се искажуваат како расходи од камати во рамките на финансиските расходи. Расходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

3.4. Тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на основните средства се надоместуваат од приходот на пресметковниот период кога ќе настанат.

Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства се книжат како зголемување на вредноста на основните средства.

3.5. Основни средства

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на основните средства се состои од фактурната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба. Во согласност со прописите кои порано се применуваа во Република Македонија, основните средства се ревалоризирани на крајот на годината. Ревалоризацијата се вршеше на набавната или претходно ревалоризираната вредност на средствата и на исправката на вредноста со примена на официјални коефициенти за ревалоризација. Нето ефектот од ревалоризацијата е евидентиран како ревалоризациона резерва. Последна ревалоризација Друштвото изврши во 2000 година.

Основните средства се поделени во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот потполн отпис.

Позитивната разлика настаната при продажба на основни средства се книжи во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотпишаната вредност на отуѓените и расходувани основни средства се книжи на товар на останатите оперативни расходи.

3.6. Амортизација

Набавната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.

Стапките што се применуваат за амортизација на основните средства што ги поседува Рудници БАЊАНИ АД Скопје се како што следи:

Градежни објекти	2,5 - 3%
Производна опрема	10%
Патнички моторни возила, возила на моторен погон и приклучни уреди	25%
Компјутерска опрема со софтвер, телекомуникациска опрема	25%
Мебел, деловен инвентар, опрема за затоплување, вентилација и за одржување на канцелариски и други простории, канцелариски и друг мебел, како и друга опрема за вршење на канцелариски работи	20%
Останата неспомната опрема	10%
Долгорочни нематеријални средства	20%

Амортизација не се пресметува за ставките: земјиште, инвестиции во тек и уметнички слики.

3.7. Оштетување (обезвреднување) на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата се проверуваат од можни обезвреднувања секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност. Загуба од оштетување (обезвреднување) се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност на средството. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност. Нето продажната цена е износ што се добива од продажба на средството во трансакција помеѓу добро известени субјекти. Употребната вредност е сегашна вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместувачкиот износ се проценува за поедниечните средства или доколку тоа не е можно за целата група на средства која генерира готовински прилив.

3.8. Залихи

Залихите на материјали и трговски стоки се искажуваат по набавна вредност, заедно со трошоците за нивна набавка. Залихите на готови производи и производството во тек се водат по цена на чинење, која ги опфаќа директните материјални трошоци и производната режија.

3.9. Побарувања по основ на продажба

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања за испорачаните производи, стоки и услуги, намалени за исправка на вредноста за ненаплатливите побарувања. Исправката на вредноста на сите побарувања кои се сметаат за ненаплативи се врши врз основа на проценка на крајот од годината. Последователната наплата на претходно отпишаните износи на побарувања се признава во рамките на останатите оперативни приходи.

3.10. Парични средства

Паричните средства се состојат од парични средства на жиро сметки во банките, девизни сметки во банките, денарска и девизна благајна и други парични средства.

3.11. Пресметка на странските средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на Република Македонија на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата, обврските и кредитите од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од финансиските приходи, односно трошоци.

3.12. Капитал, сопствени акции, резерви и акумулирани добивки

Акционерски капитал

Акционерскиот капитал се состои од обични акции. Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

Откупени сопствени акции

Акциите кои се издадени од Друштвото и кои се купени од истото се евидентираат како сопствени (трезорски) акции. Тие се признаваат по нивната набавна вредност во која се вклучени и трансакционите трошоци, а се прикажуваат како намалување на капиталот на Друштвото.

Законски резерви

Законските резерви ги сочинуваат резервите формирани со распределба на дел од нето добивката на Друштвото. Овие резерви можат да бидат употребени за покривање на искажана загуба во работењето на Друштвото.

Акумулирана добивка

Акумулираната добивка ги вклучува нераспределената добивка од претходните години, како и добивката по одаточување од тековната година.

3.13. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност со одобрување на останатите оперативни приходи.

3.14. Данок на добивка

Данокот на добивка, како резултат на законските измени, во 2009 година се пресметува на изменет начин. Основа за пресметка на данокот на добивка се повеќе видови трошоци кои не се признаваат за целите на одаточувањето, тн. даночно непризнаени трошоци. Данок на добивка се плаќа и при исплатата на дивиденди од добивките остварени во финансиските извештаи за 2009 година и наредните години.

Стапката на данокот на добивка во Република Македонија изнесува 10% (10% и во 2010 година).

3.15. Користи за вработените

Придонеси за пензиско осигурување

Друштвото во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензиско осигурување, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход во согласност со важечките законски стапки во текот на годината. Основицата за пресметка на придонесите претставува бруто платата. Друштвото плаќа придонес за пензиско осигурување во првиот и вториот пензиски столб, односно во Државниот пензиски фонд, а дел и во приватни пензиски фондови. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

Обврски при престанок на работниот однос

Друштвото, во согласност со домашните законски прописи, на вработените што се пензионираат или им престанува работниот однос поради технолошки, организациони или економски причини им исплаќа соодветен надомест. Друштвото нема направено резервирање за овие права на вработените затоа што се смета дека износот е нематеријален за финансиските извештаи.

3.16. Резервирања

Резервирања се признаваат и пресметуваат кога Друштвото има правна обврска или обврска која произлегува од договор како резултат на минат настан и кога е веројатно дека ќе биде потребен одлив на средства со цел да се подмири обврската и кога може да се направи разумна проценка на износот. Резервирањата се проверуваат на секој датум на билансирање и се корегираат со цел да се усогласат со најдобрата тековна проценка.

3.17. Неизвесни обврски и неизвесни средства

Неизвесна обврска е можна обврска што произлегува од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Друштвото. Неизвесните обврски само се обелоденуваат во финансиските извештаи.

Неизвесни средства се можни средства што произлегуваат од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Друштвото. Неизвесните средства се признаваат ако приливот на економски користи е веројатен.

4. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и ризик од промена на цените) кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Одборот на директори. Основата на управувањето со финансискиот ризик се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

4.1. Пазарен ризик

Ризик од промени на девизниот курс

Рудници БАЊАНИ АД Скопје во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради продажби и набавки на производи, стоки и услуги. Овие трансакции се искажани во странски валути.

Друштвото не користи содветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија. Поради тоа, Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

Ризик од промени на цените

Рудници БАЊАНИ АД Скопје не се изложени на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба затоа што не поседуваат вакви вложувања.

4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај купувачите на неговите производи да не можат да ги извршат своите обврски спрема Друштвото.

Побарувањата од купувачите вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

4.3. Ризик од промени на каматните стапки

Друштовото не е изложено на ризик од промени на каматните стапки бидејќи во своето работење не користи кредити од банките.

4.4. Ризик од неликвидност

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со паричните средства навремено да ги плаќа обврските спрема доверителите и кредиторите.

Друштвото нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

4.5. Ризик од финансирање

Друштвото го следи ризикот од финансирање преку показателот за задолженост. Овој показател се пресметува како однос меѓу нето обврските и вкупниот капитал. Нето обврските се пресметуваат како разлика помеѓу вкупните кредити (краткорочни и долгорочни) и паричните средства.

Одборот на директори на Рудници БАЊАНИ АД Скопје е надлежен за следење на кредитната задолженост.

Показател на кредитна задолженост

во илјади денари	**2011**	**2010**
Обврски по кредити	-	-
Парични средства	-4.816	-17.270
Нето обврски по кредити	-4.816	-17.270
Капитал и резерви	223.264	221.824
% на кредитна задолженост	**0,00%**	**0,00%**

Поради тоа што Рудници БАЊАНИ АД Скопје не користи кредити од банките за финансирање на своето работење, Друштвото не е кредитно задолжено.

5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

во илјади денари	**2011**	**2010**
Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар	103.958	95.132
Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на странски пазар	782	2.090
Приходи од наемнина	988	1.187
Останати приходи од продажба	-	-
Вкупно	**105.728**	**98.409**

6. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

во илјади денари	**2011**	**2010**
Приходи од продажба на основни средства	140	3.364
Приходи од наплатени отпишани побарувања	2.277	-
Останато	193	82
Вкупно	**2.610**	**3.446**

7. ПРОМЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ЗАЛИХИТЕ НА ГОТОВИТЕ ПРОИЗВОДИ И ПРОИЗВОДСТВОТО ВО ТЕК

во илјади денари	**2011**	**2010**
Состојба на крајот на годината	40.458	41.313
Состојба на почетокот на годината	41.313	47.948
Вкупно	**-855**	**-6.635**

8. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

во илјади денари	**2011**	**2010**
Потрошени суровини и материјали	15.854	14.258
Потрошени резервни делови	2.105	909
Отпис на ситен инвентар	1.888	2.512
Вкупно	**19.847**	**17.679**

9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

во илјади денари	**2011**	**2010**
Бруто плати	41.692	41.419
Други надоместоци за вработените	2.246	3.015
Вкупно	**43.938**	**44.434**

10. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

во илјади денари	2011	2010
Енергија	4.615	4.329
Транспортни услуги	14.132	7.794
Услуги за одржување	2.119	1.573
Други производни услуги	4.003	3.496
Репрезентација, реклама, пропаганда	369	537
Вредносно усогласување на побарувања од купувачи	380	-
Неотпишана вредност на продадени и расходовани основни средства	1	3.302
Останато	2.475	1.193
Вкупно	**28.094**	**22.224**

11. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ/ТРОШОЦИ

во илјади денари	2011	2010
Приходи од камати	537	356
Позитивни курсни разлики	3	3
Расходи за камати	-25	-28
Негативни курсни разлики	-5	
Вкупно	**510**	**331**

12. ОСНОВНА ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

	2011	2010
Заработувачка која им припаѓа на имателите на обични акции	3.809	3.632
Пондериран просечен број на обични акции во оптек	63.873	64.162
Основна заработувачка по акција во денари	**59,63**	**56,61**

Основната заработувачка по акција се пресметува со делење на нето добивката која им припаѓа на имателите на обични акции (по намалувањето за делот од добивката по одаточување за имателите на приоритетни акции) со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

Поради фактот дека Рудници БАЊАНИ АД Скопје нема издадено приоритетни акции целата добивка по одаточување припаѓа на имателите на обични акции.

Разводнета заработувачка по акција не е пресметана затоа што Рудници БАЊАНИ АД Скопје нема издадено разводнувачки потенцијални обични акции.

13. ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Ревалоризираната набавна вредност на основните средства и нивната исправка на вредноста е како што следи:

2011 година

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Опрема	Инвестиц. во тек	Вкупно	Нематер. средства
Набавна или ревалоризирана вред.						
Состојба 01.01.2011	**72.904**	**203.253**	**259.592**	**10.151**	**545.900**	**2.078**
Нови набавки	-	872	4.640	-	5.512	46
Пренос од инвестиции во тек	-	-	-	-	**0**	-
Расходување и продажба	-	-74	-27.103	-	-27.177	-
Состојба 31.12.2011	**72.904**	**204.051**	**237.129**	**10.151**	**524.235**	**2.124**
Исправка на вредност						
Состојба 01.01.2011	**0**	**175.992**	**246.493**	**0**	**422.485**	**1.688**
Амортизација	-	939	2.666	-	3.605	95
Усогласување	-	-	-	-	0	-
Расходување и продажба	-	-74	-27.102	-	-27.176	-
Состојба 31.12.2011	0	**176.857**	**222.057**	**0**	**398.914**	**1.783**
СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2011	**72.904**	**27.194**	**15.072**	**10.151**	**125.321**	**341**

2010 година

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Опрема	Инвестиц. во тек	Вкупно	Нематер. средства
Набавна или ревалоризирана вред.						
Состојба 01.01.2010	**72.904**	**205.500**	**260.066**	**10.151**	**548.621**	**1.858**
Нови набавки	-	1.697	1.092	-	2.789	220
Пренос од инвестиции во тек	-	-	-	-	0	-
Расходување и продажба	-	-3.944	-1.566	-	-5.510	-
Состојба 31.12.2010	**72.904**	**203.253**	**259.592**	**10.151**	**545.900**	**2.078**
Исправка на вредност						
Состојба 01.01.2010	**0**	**175.756**	**245.335**	**0**	**421.091**	**1.608**
Амортизација	-	878	2.724	-	3.602	80
Усогласување	-	-	-	-	0	-
Расходување и продажба	-	-642	-1.566	-	-2.208	-
Состојба 31.12.2010	**0**	**175.992**	**246.493**	**0**	**422.485**	**1.688**
СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2010	**72.904**	**27.261**	**13.099**	**10.151**	**123.415**	**390**

14. ЗАЛИХИ

во илјади денари	**2011**	**2010**
Суровини и материјали	2.944	3.417
Резервни делови	7.972	9.747
Недовршено производство	10.169	9.412
Готови производи	30.289	31.901
Трговски стоки	703	319
Вкупно	**52.077**	**54.796**

15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

во илјади денари	**2011**	**2010**
Побарувања од купувачи во земјата	40.027	39.885
Побарувања од купувачи во странство	127	220
Вкупно побарувања од купувачи - бруто	40.154	40.105
Исправка на вредност	-2.517	-5.087
Вкупно побарувања од купувачи - нето	**37.637**	**35.018**

16. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

во илјади денари	2011	2010
Побарувања за повеке платен данок на добивка	22	64
Побарувања од вработените	114	114
Побарувања за данок на додадена вредност	-	-
Останато		19
Вкупно	**136**	**197**

17. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

во илјади денари	2011	2010
Депозити во банка со период на доспевање до 12 месеци	11.206	-
Останати	-	-
Вкупно	**11.206**	**-**

18. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

во илјади денари	2011	2010
Жиро сметка	3.748	16.506
Денарска благајна	13	24
Девизни акредитиви	-	-
Девизна сметка	1.040	725
Девизна благајна	15	15
Вкупно	**4.816**	**17.270**

19. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

во илјади денари	2011	2010
Обврски спрема добавувачи во земјата	7.035	6.725
Обврски спрема добавувачи во странство	-	-
Обврски за нефактурирани стоки, материјали и услуги	-	-
Вкупно	**7.035**	**6.725**

20. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

во илјади денари	2011	2010
Обврски за данок на додадена вредност	323	1.604
Обврски за данок од добивка	4	12
Обврски за неисплатена дивиденда на акционери	292	246
Обврски спрема вработените	-	-
Обврски по концесии	52	104
Останато	383	390
Вкупно	**1.054**	**2.356**

21. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при прикажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута на 31 декември се следните:

во денари	2011	2010
EUR	61,5050	61,5050
USD	47,5346	46,3140

22. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Со состојба 31 декември 2011 година побарувањата по судските постапки покренати против Рудници БАЊАНИ АД Скопје изнесуваат околу 696 илјади денари (476 илјади денари на 31.12.2010 година). Раководството на Друштвото редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на тековните судски спорови. Иако исходот на судските постапки не може да се утврди со сигурност, раководството смета дека од судските постапки нема да произлезат материјално значајни обврски.

Рудници БАЊАНИ АД Скопје на 31.12.2011 година има обврска по основ на издадени гаранции од банки кон неколку доверители во износ од 2.625 илјади денари (427 илјади денари на 31.12.2010 година).

23. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБАТА

По датумот на билансот на состојбата не се случиле настани што треба да се обелоденат во овие финансиски извештаи.